# Индекс на политички интегритет

# Случај #13 – Институционален колапс и загрозување на јавното здравје: случајот со затруената вода во Гостивар

## Вовед

Во јули 2026 година, Општина Гостивар се соочи со сериозна здравствена и еколошка криза откако беше откриено дека граѓаните со недели пиеле вода контаминирана со фекални бактерии и несоодветно високи количини на хлор. Анализите покажаа дека водата е од 5-та категорија (вода која не смее да се пие дури ни по филтрирање), со откриени дури 39 колиформни бактерии во каптажата.

Проблемот настанал поради нелегално поставување на пумпи и цевки кои, без никаква дозвола, црпеле вода од отворен канал на реката Вардар и истата ја мешале со водата за пиење во градскиот водовод, за наводно надоместување на притисокот на вода во летниот период. Оваа нелегална пракса се одвивала цели 22 дена, пред да биде откриена. Случајот отвори сериозни прашања за политичкиот и институционалниот интегритет, одговорноста на локалните јавни претпријатија, затајувањето на надзорните здравствени институции и политизацијата на кризниот менаџмент, и транспарентноста на Владата.

За да се разбере степенот на институционалното затајување и обидите за избегнување на одговорност, клучна е хронологијата на настаните

На 19 јуни 2026 се случува протест на жителите на село Дебреште - гостиварско, каде жителите се жалат на слабиот притисок на водата во нивните чешми, протестот станува насилен на што општинските власти во Гостивар и комуналното претпријатие ЈП Комуналец бараат еден месец за да се направи интервенција и санација на изворот на Дебреше и на тој начин да ја зголеми количината на вода.

На 24 јуни 2026, комуналното претпријатие објавува на својата фејсбук страница дека водата не смее да се пие се до следното известување. Следно вакво известување не е објавено.

На 26 јуни 2026 претпријатието известува дека нема вода цела ноќ бидејќи се појавил дефект на главна линија, од ненадејни флуктуации на притисокот на водата, кои оштетиле дел од мрежата, кое оштетување е целосно поправено од техничките екипи и водоснабдувањето продолжува.

Во период од 22 дена (25 јуни – 17 јули 2026) нелегално се поставени цевки кои пумпаат фекално загадена вода од отворен канал директно во градскиот водовод на Гостивар.

На 29 јуни како и на 13 јули 2026, или три дена пред да бидат откриени нелегалните пумпи, ЦЈЗ Гостивар издава нов (последен) извештај во кој се потврдува дека водата за пиење во Гостивар е исправна.

Во меѓувреме стотици граѓани на Гостивар се хоспитализирани, илјадници се јавуваат за медицинска помош додека илјадници ги третираат симптомите во домашни услови. Симптомите кај сите граѓани се идентични и асоцираат на труење. Низ чешмите во Гостивар се појавува кафеава вода.

На 16 јули 2026, по наредба јавен обвинител на ОЈО, инспектори на Надворешната канцеларија за криминалистички работи Гостивар, Институтот за јавно здравје, Агенцијата за храна и ветеринарство, Државниот инспекторат за животна средина, а ангажиран е и лиценциран вештак за стручна проценка, вршат увид на терен. Откриени се нелегалните пумпи. Се утврдуваат огромни отстапувања во квалитетот на водата. СВР Тетово соопштува дека оваа активност најверојатно била преземена со цел да се зголеми притисокот во мрежата поради недостиг на пивка вода.

На 17 јули 2026 Агенцијата за храна и ветеринарство (АХВ) забранува употреба на водата. Угостителите се задолжени да користат само техничка вода.

На 18 јули 2026 градоначалникот на Општина Гостивар изјавува дека не постојат докази дека граѓаните се затруени од водата.

18 јули 2026 односно ден пред да избувне скандалот, на седница на Советот на општината, директорката Асани информирала дека проблемот во Дебреште е надминат и дека со изградба на нов водоводен цевковод ќе го подобри водоснабдувањето на целиот град. Но, ден потоа беше прогласена епидемија од загадената вода со фекалии, а се осомничени таа и двајца директори од Комуналец.

На 19 јули 2026 од страна на Центарот за јавно здравје Тетово е прогласена епидемија на територијата на Гостивар.

На 20 јули 2026 Основното јавно обвинителство ги објавува наодите од примероците кои ги обработува ИЈЗ и утврдува дека водата е контаминирана и не смее да се користи за ниту една намена, бидејќи содржи фекални бактерии 50 пати над дозволените количини. Воедно е

констатирано дека осомничените лица поставиле пумпи надвор од системот во отворен загаден канал, со кои ја вбризгале водата во чистата вода за пиење. На 20 јули 2026 се формира Кризниот штаб во Општина Гостивар. За целиот овој период, градоначалникот на Општина Гостивар Валбон Лимани не чувствува морална одговорност за случувањата. На прес-конференцијата тој посочува дека директорката на ЈП „Комуналец“ е суспендирана заедно со уште неколку лица кои се одговорни за градскиот водовод. Лимани ги повика институциите да ја завршат нивната работа објективно, и дека ќе соработуваат со нив до расчистување на случајот, и надминување на состојбата. Тој рече дека не сака никој однапред да биде прогласен за виновен.

Министерството за здравство на 20 јули информираше дека во едно денонокие пред прогласувањето на епидемијата биле извршени повеќе од 350 прегледи. На Инфективното одделение се јавиле 204 пациенти, од кои тројца биле задржани на болничко лекување, додека на педијатрија биле прегледани 105 нови пациенти и 35 деца на контролен преглед. Министерот за здравство Сашо Клековски изјави дека до 20 јули биле евидентирани приближно 3.100 здравствени контакти, во кои се вклучени прегледи, телефонски јавувања и интервенции на Итната медицинска помош. Овој број не претставува број на лабораториски потврдени заболени лица. Но на оваа прес-конференција не ги објави наодите од примероците на вода кои ИЈЗ ги има земено во Гостивар по наредба на ОЈО, со што ја нарушува транспарентноста на Владата.

На 21 јули по наредба на ОЈО, приведени се три лица меѓу кои и директорката на ЈП Комуналец - Гостивар Артана Асани, како и двајца нејзини соработници, техничкиот директор, Леон Нуредини и раководителот на водоводот, Ваденин Дервиши, за кои е одреден 30-дневен притвор во затворот во Шутка. Тие се сомничат за тешки дела против животната средина, за кои се заканува казна затвор од најмалку 4 години. Воедно, од Инспекторатот за животна средина при Министерството за животна средина и просторно планирање, изјавено е дека при увидот кој го извршиле, приклучокот на пумпите е див и надвор од локацијата за која Комуналец имал дозвола. Владата прогласува 30-дневна кризна состојба на територијата на Општина Гостивар бидејќи општината не може сама да се справи со кризата. ОЈО не ја исклучува можноста истрагата да се прошири и на други лица. АХВ известува дека водата не смее да се користи за ниедна намена, и дека ги засилуваат контролите врз болниците и угостителските објекти за да извршат увид дали забраната се почитува. Министерот за внатрешни работи Панче Тошковски при посета на Гостивар изјавува дека не може да каже кога гостиварци ќе имаат безбедна вода за пиење, но дека тим на скопскиот Водовод врши проверки и анализа. Владата објавува дека ќе обезбеди секојдневно по 3 шлепери вода преку пунктови за гостиварци.

22 јуни 2026 делува парадоксално, бидејќи Гостивар е се уште без вода, во наодите на еден од граѓаните во Гостивар се најдени јајца на паразити кои се високо-заразни што ги потврдува

сомнежите дека нов здравствен бран би можел да се развива, а во исто време низ изјавите на властите е јасно само дека екипи на ЈКП „Комуналец" Гостивар и ЈП „Водовод и канализација" – Скопје изработуваат план за повторно ставање во функција на гостиварскиот водовод без конкретни информации и рокови кои би дале некаква извесност. Додадено во парадоксот е дека во Гостивар се најавува пречек на боксери од регионот и светот, во период кога сé уште има активна забрана за користење на водата за било која намена, а Министерството за здравство изјави дека има 108 нови прегледи на заболени. Од институционално постапување за управување со кризата, Министерството за локална самоуправа обезбеди 50 илјади литри вода, а ЦУК одржа седница на кризен штаб кој донесе итни мерки кои опфаќаат армијата да стави во приправност цистерни за техничка вода, а општините Куманово, Тетово, Дебар, Кичево, Кавадарци и Неготино да обезбедат вода со сопствени цистерни, мерка која требаше да биде обезбедена во првите 24 часа од кризата. Општина Чаир веќе донираше вода во Гостивар, додека Општина Прилеп како и што најави се потпре единствено на донации на граѓаните и собра 6 илјади литри вода. Министерот Клековски, изјави лични квалификации и навреди кон експертите кои во јавноста го коментираат случајот. Блупринт групата за реформи објавува став во кој остро реагираат за случувањата во Гостивар, каде се осврнуваат дилемите што се отворија во јавноста околу постапувањето на надлежните институции во случајот, што според нив отвора сериозни прашања за институционалната одговорност.

Што прават партиите?

Партиите во случајот на Гостивар, делуваат деструктивно и се насочени кон вперување прст за барање вина, наместо примарно да се насочени кон поддршка и конструктивни решенија кои ќе ги олеснат потешкотиите на граѓаните на Гостивар.

Додека сите партии бараат одговорност и истрага, некои повеќе, а некои помалку експлицитно прстот го вперуваат во градоначалникот Лимани. Актуелната власт, преку своите функционери одржува прес-конференции, изјави и соопштенија со кои експлицитно бара оставка на градоначалникот, поради бавната реакција на локалните власти, или пак поради остатоци од претходното владеење и партизацијата.

Опозицијата вината ја насочува кон централната власт и лошото менаџирање на кризата бидејќи граѓаните се оставени сами на себе да се снаоѓаат и здравствено и во обезбедување на вода, а воедно и алармира за потенцијални нови здравствени ризици доколку не се преземат итни мерки, и бара целосна и темелна истрага на случајот, како и системска одговорност на сметка на индивидуалните виновници.

Суштински важно е да се посочи и утврди виновникот, тоа е неспорно, но за тоа постојат истражни и правосудни органи кои се под будното око на јавноста а пред се на гостиварци, кои немаат многу придобивки од партиските пресови и соопштенија, бидејќи во секојдневието се соочуваат со недостаток од вода среде лето.

Недела дена од започнувањето на скандалот и кризата во која гостиварци немаат пристап до вода и развиваат болнички симптоми, политичките партии ја продолжија деструктивната нишка на изјави, која без разлика на издржаноста во аргументацијата, не придонесува во решенија, помагање и солидарност со гостиварци.

Што велат експертите?

Епидемиолозите Др. Пановски и Др. Даниловски посочуваат дека случајот со Гостивар е без преседан и тешко е да се најде друг ваков случај на кој не му претходеле елементарни непогоди. Токму поради тоа, случајот не смее да се сведе само на одговорност на поединци, туку неопходно е да се анализираат и евентуалните системски пропусти, процедурите за управување со водоснабдителниот систем, санитарниот надзор, контролата на ризиците, координацијата меѓу институциите и навременото информирање на јавноста.

Од Факултетот за безбедност, проф. Иванов посочува дека држава што не може да се заштити од сопствената неодговорност, не може уверливо да тврди дека е способна да ги заштити граѓаните од тероризам или други закани. Тој посочува дека во јавноста сè уште има голем број на непознаници и прашања. Дел од граѓаните потсетуваат на времињата кога во поранешна СФРЈ во училиштата се учело дека јавните водоводи и извори се општествено богатство и дека претставуваат висок ризик за тероризам и диверзии. Иако сега сме друга држава, се поставува прашање дали и ова што се случувало 22 дена во Гостивар треба да се класифицира како терористички акт или кривично дело против јавното здравје и безбедност.

За да се постави оваа анализа, сите засебни чинители во општеството се разгледуваат одвоено, Затоа посебно ја анализиравме локалната власт, политичките партии, експертите, централната власт, бидејќи токму помеѓу поделбата на властите и партиите се наоѓа пукнатина која до моментот на анализа ги остави гостиварци во неизвесност во која најважните прашања се неодговорени. Неизвесен е одговорот на прашањата кога и како во Гостивар ќе има безбедна вода за пиење, што ќе се случува со затруените граѓани, што доколку се јави секундарна епидемија, кој е планот за санација на штетата, кој е планот за вакво нешто никогаш повторно да не се случи.

**Оценување на политичкиот интегритет е ЦРН ПЕЧАТ со негативна вредност од -10**

Согласно Методологијата на Индексот на политички интегритет, случајот се квалификува како сериозно нарушување на институционалниот интегритет бидејќи со овие случаи се предизвикала длабока ерозија на довербата; целосна изложеност, сериозни последици и нарушување на јавниот интерес и има и простор и потреба од морална оставка, покрај кривичните пријави и веќе започнатата истрага на ОЈО на која ќе се суди за кривична одговорност.

Оценката –10 го одразува целосниот крах на системот и во насока на превенција и во насока на кризен менаџмент и во насока на санација на штета. Мора да постои локален и централен одговор со кој целокупната криза не смеела воопшто да се случи.

**Категорија:** Ова е случај кој влегува во 9 од 10 категории и тоа заштита на јавен интерес, владеење на правото, корупција, влијание на елити, етичка култура, клиентелизам и непотизам, транспарентност и отчетност, демократско однесување, политичка комуникација.

**Клучни аргументи:**

1. **Системски пропусти на локалната и централната власт**

Сите опишани случувања во периодот од протестот кој се случува на 19 јуни, па се до избивањето на скандалот, упатуваат на системски пропусти и недостаток на процедури во управувањето со водоснабдувањето. Самоволието и интервенции без основни дозволи односно отсуство на правни процедури како и отсуство на внатрешна техничка контрола во ЈКП кои укажуваат на недостаток на оперативни протоколи ниту пак систем за рано предупредување го докажуваат отсуството на капацитет на општините да ги менаџираат јавните претпријатија. Партизацијата во овој случај само ги влошува состојбите. Непостоењето на протоколи за кризен менаџмент на локално и централно ниво е евидентно во справувањето со оваа криза. Состојбата со изворот Шум во Струга кој 18 години користел вода без дозвола, Гостивар а најново и изворот во Валандово, ни укажува дека има девастација на начинот на кој се менаџира водоснабдувањето. Ова укажува на децениска толеранција на незаконско работење на јавните претпријатија од страна на централните власти, што директно го загрозува јавното здравје на национално ниво. Крајно, системската неказнивост и префрлање на одговорноста и државниот безбедносен пропуст кај кои одговорноста се гледа на централно ниво, бидејќи доколку државата не може да се заштити од сопствената неодговорност, не може да се заштити ниту од надворешен тероризам или други сериозни надворешни закани.

2. **Санитарниот надзор и контролата на ризиците целосно потфрлила.**

И тоа низ неколку факти. Издавање на неточни извештаи за безбедноста на водата кои Центарот за јавно здравје ги издал на 29 јуни и на 13 јули во кои известил дека водата во Гостивар е безбедна.

Доцнењето во детектирањето на нелегалната инфраструктура, каде некој дозволил дури 22 дена да се внесува вода со фекалии во градскиот водовод. Недостатокот на редовен дневен мониторинг каде системот за контрола не функционирал бидејќи Центарот за јавно здравје не ја испитувал водата секој ден. Отсуство на превентивен теренски надзор, бидејќи ЈКП „Комуналец" немал никаква дозвола да пушта вода од отворениот канал. Реакција исклучиво по избивање на кризата (пост-фестум).

3. **Координацијата меѓу институциите е партизирана**

Во случај на заболување на илјадници граѓани, мобилизацијата на централната и другите локални власти доаѓа неколку дена откако кризата веќе се продлабочува. Наместо брза и координирана акција меѓу локалната самоуправа и централните институции, кризата брзо се претвори во арена за политички препукувања.

4. **Навременото информирање на јавноста потфрлува на сите нивоа започнувајќи од ЈП Комуналец и завршувајќи со Владата. Непостоечка транспарентност и отчетност.**

Во државата мора да постојат утврдени протоколи за комуникација и масовно информирање на граѓаните, а особено при големи кризи. Фејсбук страницата на ЈП Комуналец не е соодветен канал за масовно информирање за важни информации каква што е информацијата дали водата е безбедна за пиење. Општината Гостивар има повремени прес-конференции кои се сведуваат на новинарски прашања, и нема воспоставено медиумска и комуникациска пракса во која секојдневно ќе информира за потребата на гостиварци (кога, како и каде ќе има безбедна вода за било која намена, што смеат и не смеат да конзумираат, како и каде да ги третираат симптомите, што се им е достапно од системска поддршка). Крајно, Владата воспоставува реактивна комуникација која се сведува на прес-конференции и повремени соопштенија, но нема никакви информации за формирање на кризен штаб ниту се споделени информации за санација на штета, а воедно информациите кои им се потребни на гостиварчани (опишани погоре) не се одговорени ниту од институциите на Владата.

5. **Безбедносниот аспект е целосно занемарен и нетретиран од централната власт**

Владата на централно ниво целосно го има занемарено и не го третира проблемот од безбедносен аспект. Ова се однесува на заштита на критичната инфраструктура но се однесува и на заштита на државниот поредок од акти на тероризам.

6. **Корупција, злоупотреба на службената положба и владеење на правото**

Прикривањето и заташкувањето кое ЈКП Комуналец се обидел да го направи во соработка со Центарот за јавно здравје, укажува на систем на корупција и целосна злоупотреба на службената положба. Се уште не е јасно нивото на инволвираност на Општина Гостивар, но првичните чекори и начинот на кој Општина Гостивар не ја менаџира кризата до степен на прогласување на кризна состојба на нивната територија, укажува на немање на капацитет за владеење на правото на локално ниво. Притворањето на трите лица за „тешки дела против животната средина" е само првиот чекор. Интегритетот на истрагата ќе се мери преку тоа дали Јавното обвинителство ќе ја прошири истрагата кон налогодавачите во институциите.

## 7. Политичко влијание и (не)преземање морална одговорност

Отсуството на оставки од морална одговорност пред се на директорите на Комуналец и Центарот за јавно здравје, а потоа и на градоначалникот на Општина Гостивар, укажуваат на целосна ерозија на етичката димензија во штитењето на јавниот интерес. Без разлика на кривичната одговорност, кога илјадници граѓани се затруени и е компромитирано основното човеково право на питка вода, етичката и човечка димензија на одговорност мора да биде на највисоко ниво и да резултира со оставки.

Воедно, неморалното однесување на политичките партии кои кризата ја согледуваат како арена за партиски препукувања, а ниедно од нивните поведенија не резултира со решенија на моменталната или пак долгорочната потреба на граѓаните кои се наоѓаат среде криза, укажува на ниско ниво на разбирање на своето политичко влијание и делување во општеството во служба на јавниот интерес и граѓаните.

## Заклучоци и препораки за зајакнување на политичкиот интегритет

Случајот со затруената вода во Гостивар во јули 2026 година претставува парадигма за институционален колапс и системска ерозија на политичкиот интегритет. Врз основа на Методологијата за Индекс на политички интегритет (ИПИ), овој случај ја добива најстрогата негативна оцена — **ЦРН ПЕЧАТ со негативна вредност од -10**. Оваа оцена одразува целосен крах на системот во сите три клучни фази: превенција, кризен менаџмент и санација на штетите.

Случајот директно засега дури **9 од 10-те категории на интегритет** (заштита на јавниот интерес, владеење на правото, корупција, влијание на елити, етичка култура, клиентелизам и непотизам, транспарентност и отчетност, демократско однесување и политичка комуникација).

Од целосен колапс на санитарниот надзор и превенцијата, преку деценискaта девастација и отсуство на оперативни протоколи, низ партизирана координација и деструктивна политичка комуникација до занемарување на безбедносниот аспект и целосно отсуство на морална одговорност - штетата ни криви ни должни ја трпат граѓаните и по сопственото здравје но и по трошоците за неговото лекување, и по целосната блокада на секојдневното функционирање.

За превенција од идни вакви катастрофи и за зајакнување на институционалниот интегритет, се утврдуваат следниве итни и долгорочни препораки:

**1. Реформа на санитарниот надзор и дигитализација на мониторингот**

- **Независен и автоматизиран дневен мониторинг:** Воспоставување систем за автоматско, континуирано мерење на основните параметри на водата на сите каптажи, со директно пренесување на податоците до Државниот санитарен и здравствен инспекторат (ДСЗИ) и АХВ, за да се елиминира можноста за манипулација со извештаите од локалните центри.

**2. Нормативизација и национална ревизија на водната инфраструктура**

- **Итна ревизија на сите водоизвори во РСМ:** Владата и Министерството за животна средина веднаш да извршат вонреден технички и правен надзор врз сите јавни претпријатија за да се затворат сите диви приклучоци и да се испорачаат дозволи исклучиво под строго пропишани стандарди.
- **Строги казнени одредби за нелегални интервенции:** Измени во Кривичниот законик со кои какви било неовластени интервенции во водоснабдителни системи ќе се третираат како кривични дела против безбедноста на државата и загрозување на критичната инфраструктура.

**3. Воспоставување протоколи за задолжителна кризна комуникација и транспарентност**

- **Протокол за масовно информирање за 1 ден:** Институциите мора да имаат законска обврска во рок од едно денонокие за детектирањето на каков било бактериолошки или хемиски ризик да ја известат јавноста преку сите национални и локални медиуми, а не исклучиво преку социјални мрежи.
- **Дневни унифицирани владини брифинзи во криза:** При прогласена кризна состојба, Владата е должна да организира задолжителни дневни прес-конференции со целосен увид во наодите од сите лабораториски анализи (ИЈЗ, АХВ) без прикривање на податоците.

**4. Владеење на правото, командна одговорност и етички стандарди**

- **Истрага според принципот на командна одговорност:** Јавното обвинителство да ја прошири истрагата од оперативните извршители кон сите носители на одлуки и надзорни органи во Општина Гостивар, ЈП „Комуналец“ и ЦЈЗ кои преку нечинење или прикривање овозможиле 22 дена да се трујат граѓаните.
- **Институционализирање на политичко-морална одговорност:** Воспоставување систем за етичко однесување за локалните и централните функционери, каде прогласувањето на епидемија или кризна состојба предизвикана од човечки фактор автоматски повлекува морална оставка од раководните позиции.

---

Документот е подготвен од Форум за разумни политики (ФРП) како дел од нашата долгорочна работа на развој и одржување на Индексот за политички интегритет. Анализата се темели на јавно достапни податоци во медиумите и утврдени критериуми на индексот.